Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

Република Северна Македонија
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
Republica e Maqedonisë së Veriut
KËSHILLI I INSPEKTORIATEVE
Бр /Nr- 02-1086/1
21.12.2021 20 год./viti.
Скопје - Shkup

Врз основа на член 23 точка 4 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ бр. 120/19), Председателот на Инспекцискиот совет донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

## за формирање на работна група за анализа на Насоките за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шестмесеци и на годишниот извештај за работа на инспекциските служби (Службен весник на РСМ, бр. 238 /19)

1.Се формира работна група за анализа на Насоките за изготвување на Предлог Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шестмесеци и на годишниот извештај за работа на инспекциските служби (Службен весник на РСМ, бр. 238 /19), во следниот состав:

- Методија Димовски- член на Инспекциски совет од област 2- председател;
- Меџит Јусуфи- член на Инспекциски совет област 4- член, - заменик претседател
- Ќерамедин Селими- член на Инспекциски совет област 5- член;
- Благоја Гешоски – член на Инспекциски совет област 6 – замeники член
- Сања Димеска Стојковска – советник во Инспекциски совет- член
- Елизабета Кучера – советник во Инспекциски совет – заменик член
- Ѓорѓи Трајковски – Државен инспекторат за техничка инспекција – член
- Ѓорѓија Сотировски - Државен инспекторат за техничка инспекција – заменик член
- Марјан Мицев – Државен инспекторат за шумарство и ловство – член
- Зоран Вуиќ – Државен инспекторат за шумарство и ловство – заменик член
- Дарко Блинков – Државен инспекторат за животна средина – член
- Пејо Кировски – Државен инспекторат за животна средина – заменик член,
- Мери Петреска – Државен инспекторат за земјоделство – член
- Ирена Камењарска- Државен инспекторат за земјоделство – заменик член,
- Кирил Ристовски – Центар за еколошка Демократија Флорозон – член
- Димитар Стојановски - Центар за еколошка Демократија Флорозон – заменик член
- Дејан Андонов – Институт за комуникациски стратегии – член
- Дарко Милановски - Институт за комуникациски стратегии – заменик член

2. Работната група од точка 1 од ова решение има обврска веднаш по донесувањето на ова решение, а најдоцна до 31.1.2022 година да изготви и достави Предлог Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шестмесеци и на годишниот извештај за работа на инспекциските служби (Службен весник на РСМ, бр. 238 /19), до Инспекцискиот совет, за разгледување и одлучување на седница.

3. Ова решение влегува во сила и ќе се применува со денот на донесување.

Образложение

Инспекцискиот совет со цел за подобрување на квалитативниот дел на периодичните извештаи на инспекциските служби на Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шестмесеци и на годишниот извештај за работа на инспекциските служби (Службен весник на РСМ, бр. 238 /19), кои пак произлегоа од Проценката на транспарентноста и отчетноста на инспекторатите со надлежности во животната средина, која беше спроведена од Центарот за еколошка демократија ФЛОРОЗОН и Институтот за комуникациски студии во рамките на кампањата „Разбистри сé" во јуни и јули 2021 година, побара номинација на член и заменик член со барање бр.03-1054/1 од 14.12.2021 година од следниве институции: Државен инспекторат за животна средина, Државен инспекторат за земјоделство, Државен инспекторат за шумарство и ловство, Државен инспекторат за техничка инспекција, Центар за еколошка демократија – Флорозон и Институт за комуникациски стратеги.
Врз основа на ова Барање, горенаведените институции доставија номинации на член и заменик член.
Согласно горенаведеното, а врз основа на член 23 точка 4 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РМ, бр.102 /2019), Председателот на Инспекциски совет донесе Решение за формирање на работна група за анализа на Насоките за изготвување на Предлог Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работа на инспекциските служби („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 238/19).

м-р Магдалена Филиповска Грашкоска
Председател на Инспекциски совет

Доставено до:
-членовите на работната група
- архива на Инспекциски совет